Бесплатен примерок

јануари, 2021

# Скопје
## гласило




# СКОПЈЕ ВО 2020 НИЗ ФОТОГРАФИИ




# ГОЛЕМ НОВОГОДИШЕН КОНЦЕРТ

**Јануари 2020**

Скопје ја започна новата 2020 година со фантастичен спектакл на плоштадот „Македонија“ со настапот на Дино Мерлин, пред над 60.000 скопјани и гости од околните држави. Веселата атмосфера со хитовите на една од најпознатите музички ѕвезди од Балканот ја збогатија сценските ласери и повеќеминутниот огномет на стартот на Новата година.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# НОВ КОНЦЕПТ ЗА ТРЕТМАН НА КОМУНАЛНИОТ ОТПАД

**Јануари 2020**

Над 400 нови контејнери во текот на месец јануари беа поставени по улиците и булеварите на Скопје. Со новиот концепт за третман на комуналниот отпад и хигиената на јавните површини во Скопје веќе ги нема глетките на незатворени и преполни контејнери со отпад што околу себе шират непријатна миризба и создаваат впечаток на нечист град.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Февруари меѓу другото го одбележа и започнувањето на уредувањето на нов парк меѓу улицата Лазар Димитров и железничката пруга во Кисела Вода. Новиот парк е на површина од околу 16.000 квадратни метри и во него се засадени околу 200 висококвалитетни дрвја, кои веќе оваа пролет треба да развијат крошни чии сенки ќе придонесат за намалување на температурата во жешките месеци и ќе го раззеленат овој јавен простор кој до неодамна беше дива депонија. Реновираната трим патека по должината на пругите е надополнета со дрворед од зимзелени садници повисоки од седум метри чии сенки ќе бидат совршен сојузник на рекреативците во летниот период.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# НОВ СТЕРИЛИЗАТОР ЗА ТРЕТМАН НА МЕДИЦИНСКИ ОТПАД

Февруари 2020

По неколкугодишна борба, депонијата Дрисла се врати од приватни во градски раце и Градот повторно целосно ги контролира политиките за отпадот во Скопје. Веднаш се изврши набавка на нов стерилизатор за третман на медицински отпад, со иновативен систем, целосно автоматизиран со висока технологија и квалитет. Со ова се стави крај на неодговорното и несовесно постапување со медицинскиот отпад што претходно завршуваше на „Дрисла" како обичен отпад и претставуваше потенцијална опасност за животната средина и за здравјето на луѓето.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Целосно е реконструиран и проширен булеварот АСНОМ на потегот од крстосницата со улицата Васко Карангелевски до крстосницата со булевар Србија кај мостот Близнак. Проширениот булевар во Аеродром има по три сообраќајни ленти во двете насоки, пешачки и велосипедски патеки од двете страни и средишно зеленило. Забрзано се гради и новиот мост на Вардар, на булеварот АСНОМ, кој ќе ги поврзе општините Аеродром, Гази Баба и Центар со модерно булеварско решение.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Целиот Голем ринг е опкружен со вело патеки и вело ленти споени со главните вело рути од градот. Велосипедската инфраструктура се прошири до населбата Маџари на исток и скопската обиколница на север. Ослободивме јавен простор за непречено и безбедно движење на велосипедистите. Градевме нови и обновивме многубројни велосипедски патеки по должината на градските улици и булевари - некои вело патеки се оформени на тротоарите, а некои се спуштени на коловозот. Инвестирајќи во велосипедските патеки, годинава успеавме да изградиме над 15 километри велосипедски патеки во нашиот град.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Градот Скопје помогна за преуредување на Клиничкиот центар во екот на пандемијата од Ковид-19. Во рекорден рок екипи на Град Скопје, Армијата и инженерите од Проектната единица при Министерството за здравство расчистија простор од околу 4.000 м2 до Клиниката за инфективни болести на кој беше подигната монтажна болница. Оваа болница остана празна во пролетниот бран на пандемијата, но беше преполна во есенскиот и даде голем придонес во борбата со Ковид-19. Се прошири влезот во Клиничкиот центар и се отвори траса за интервентни возила до ургентниот центар, се направи и посебен влез кон Инфективната клиника, како и нов сообраќаен режим при влезот од булеварот Мајка Тереза, се прошири и горната уличка над Клинички центар - Белградска, а реконструирани се и двата постојни паркинзи кај клиниките за хирургија и за гинекологија.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# КУЛТУРА ВО ВРЕМЕ НА КОРОНА

Април 2020

Повеќе од 50 настани на кои настапија над 200 уметници. Повеќе од 500.000 гледачи на социјалните мрежи и илјадници на балконите во осум скопски општини. Сево ова го донесе проектот „КУЛТУРА ВО ВРЕМЕ НА КОРОНА“, кој Градот Скопје го реализираше како дел од пакетот кризни мерки за културата. Солидарните и еднакви хонорари само за невработените изведувачи и помогнаа на оваа социјална група да го надмине тешкиот удар врз нивната егзистенција, кој им беше зададен со затворањето на угостителските објекти и карантинот што се воведе на почетокот на кризата.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Центарот на градот преку Чаир на север е поврзан со изградбата на новиот булевар Христијан Тодоровски Карпош, во Општина Бутел. На потегот од крстосницата со булеварот Босна и Херцеговина до клучката на скопската обиколница, оваа сообраќајница има шест сообраќајни ленти, велосипедски и пешачки патеки од двете страни, средишно и странично зеленило со повеќе од 600 висококвалитетни зимзелени и листопадни садници.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ВЛЕЗОТ ВО ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР

Мај 2020

Плочникот што го поврзува влезот на Градскиот трговски центар и плоштадот „Македонија“ доби нов урбан лик. На новоуредената површина од речиси 5.000 квадратни метри се поставени висококвалитетни плочки и клупи, корпи за отпадоци, осветлување, атмосферска канализација и заштитни столпчиња. Формирани се и дрвореди од 22 повеќегодишни дрвја.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# НОВИ ЕКОАВТОБУСИ

Јуни 2020

Нови екоавтобуси на гас произведени од германската компанија MAN станаа дел од возниот парк на ЈСП и возат по градските улици на линиите 2, 5, 15 и 57. Градот Скопје набави 33 нови екоавтобуси, односно 21 нископоден автобус со поединечен капацитет од 85 патници и 12 зглобни нископодни автобуси со поединечен капацитет од 149 патници. Со тоа, Скопје стана дел од европските метрополи во коишто се користат овие видови екоавтобуси.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# ЧИСТ И УБАВ КЕЈ

Јули 2020

После 30 години се чисти кејот од двете страни на Вардар и ќе добие нов лик. Се чисти каменот и коритото на реката, пешачката патека на кејот, се корнат гранки, треви и грмушки со кои е обраснат овој дел од градот, се кастрат дрвјата, се уредува зеленилото и се чисти ѓубрето. Паралелно, екипите на Град Скопје годинава почнаа акција за чистење и уредување на северната страна од кејот на Вардар, на потегот од реката Лепенец до Аеродром.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Градот Скопје со донација од Халбанк целосно ги реконструира сите 19 пешачки мостови во вториот дел од Градскиот парк. Заменети се дрвените подови и префарбани оградите со што се овозможени нови безбедни и безгрижни моменти во омиленото место за релаксација на скопјани.

„СКОПЈЕ“
ИНФОРМАТИВНО ГЛАСИЛО
НА ГРАД СКОПЈЕ
Првиот број на информативното гласило „СКОПЈЕ“ излезе на 10 декември 2008 година

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
Ваљон Салиху
РЕДАКЦИЈА
Одделение за односи со јавност на Град Скопје
ЛЕКТОР Лидија Антоновска
Дизајн и печат
Печатница „Серафимовски“ Скопје

e-mail: gragjani@skopje.gov.mk
телефон: 3 297 255
Facebook: Град Скопје
Twitter: @CityofSkopje
Instagram: @gradskopje.oficijalna
ИЗДАВА ГРАД СКОПЈЕ
Булевар Илинден 82
www.skopje.gov.mk

*Скопје, една поинаква приказна.*




Од Камениот мост, преку зградата на МЦМ до Градскиот парк – третото издание на Меѓународниот фестивал на светлосната уметност Skopje Light Art District понуди многубројни светлосни инсталации кои ги оживеаја објектите во центарот на градот. Фестивалот испрати пораки за заштита на животната средина - преку одговорни одлуки и начин на живот да се заштити природата и нејзините богатства. Ова беше најпосетено издание на фестивалот којшто е единствен од ваков тип во нашава земја и пошироко во регионот.

*Скопје, една поинаква приказна.*




5.000 оџаци помалку во Скопје. Градот Скопје со поддршка од Владата на Република Северна Македонија, годинава ја реализираше големата акција за замена на старите нееколошки печки со современи инвертери. Градот Скопје додели околу 5.000 субвенции на граѓаните за набавка на инвертери и во текот на оваа зима ќе имаме некаде околу 5.000 оџаци помалку во скопската котлина, што претставува значајна бројка во борбата против загадувањето.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Љубителите на планинарскиот велосипедизам од годинава може да возат по новата нагорна пионерска велосипедска патека на Водно, која е дел од проектот „Велосипедски парк Водно“. Новата планинска велосипедска патека е со променлива широчина (најмногу до 3 метри), со вкупна должина од 3.432 метри и се протега од полициската станица се до Средно Водно. Направена е согласно сите стандарди, а наменета е исклучиво за велосипеди и исклучиво за движење во еден правец - нагоре.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# ОТВОРЕН ПРВИОТ ВЕЛОШТАД

Септември 2020

Транспортен центар е локацијата која заедно со Скопје Лаб ја одбраа велосипедистите како просторот на кој ќе биде отворен првиот ВЕЛОШТАД - плоштад за велосипеди во нашиот град. Велоштадот покрај држачите за безбеден паркинг на велосипеди и сервисна станица за велосипеди, опфаќа и гардероберии за брзо пресоблекување, кои се воедно и кабини за долготрајно паркирање на велосипедите, фонтана за вода за пиење и соодветна урбана опрема што дополнително го хуманизира овој простор.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Во текот на градежната офанзива на Град Скопје, беа реконструирани 15 сообраќајници низ сите општини во Скопје. На градските сообраќајници е поставен нов асфалт во должина од 40 километри, а значајно е да се нагласи дека целосно е реконструиран и источниот влез во градот. Но најважно од се, сите градежни акции се завршија во рекордно кратки рокови од 10-30 денови.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Град Скопје е првиот град во регионот и пошироко со сопствено јавно претпријатие за улични животни. ЈП Лајка е многу повеќе од стационар, тоа веќе почна да се развива како место каде што се даваат различни услуги како вакцинација, чипирање, стерилизација, посвојување, социјализација, престојувалиште, игралиште и итн. Новиот објект на ЈП Лајка е уреден и опремен по сите светски стандарди, со подно греење, суви и чисти подови, енергетски ефикасни ѕидови, нова опремена ветеринарна амбуланта и канцелариски простор.

Дополнително, ЛАЈКА располага и со специјално изграден Парк за интеракција, преку кој кучињата кои биле жртви на траума низ игра и забава стекнат навики за ресоцијализација, како и едукативен центар во кој најмладите ќе можат да добијат соодветна едукација како и можност за вдомување на некое од кучињата стационирани во ЛАЈКА.

*Скопје, една поинаква приказна.*




# ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ГРАДСКИТЕ ТРОТОАРИ

**Ноември 2020**

Тротоарот спроти старата Пошта долго време беше окупиран со непрописно паркирани возила, билборди и преостанати рекламни објекти, целосно попречувајќи го слободното движење на нашите сограѓани.

Денес, овој простор е целосно трансформиран во модерен тротоар направен по сите стандарди, чија единствена цел е да го направи движењето на пешаците и велосипедистите попријатно и полесно. На оваа локација, отстранивме и три билборди коишто го попречуваа патот за слободно движење, и дополнително засадивме дрворед од 45 дрвја од видот фотинии со подни дренажни решетки и систем за наводнување по принципот „капка по капка", нова велосипедска патека, клупи и канти за отпадоци, како и жардињери со украсно зеленило, опремено со сопствен систем за наводнување.

*Скопје, една поинаква приказна.*




Инспекторите за животна средина, комуналните инспектори и комуналните редари од Град Скопје заедно со инспекторите и редарите од сите скопски општини се веќе дел од еден заеднички тим. Ваквиот заеднички тим го формираме заради заштита на животната средина и природата, за преземање мерки за заштита и спречување на загадувањето на водата, воздухот, земјиштето, заштита од бучава и нејонизирачко зрачење утврдени во Законот за локална самоуправа. Нашата заедничка цел е воспоставување ефикасна и независна инспекциска служба, целосно елиминирање на просторот за злоупотреби, со повеќе казни за оние што не го почитуваат законот и повеќе едукација за граѓаните во превентивна насока.

*Скопје, една поинаква приказна.*



СКОПЈЕ ВО 2020
НИЗ ФОТОГРАФИИ

# БУЛЕВАРОТ БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА ОТВОРЕН ЗА СООБРАЌАЈ

**Декември 2020**

ГРАД СКОПЈЕ

Скопје доби уште еден модерен булевар – првиот дел од булеварот Босна и Херцеговина отворен за сообраќај. Од стара улица со две ленти до современо булеварско решение со шест сообраќајни ленти и комплетна инфраструктура, две велосипедски и две пешачки патеки, средишно и странично зеленило.

*Скопје, една поинаква приказна.*

**СКОПЈЕ ВО 2020**
**НИЗ ФОТОГРАФИИ**




# СЛАВИМЕ ЗАЕДНО

**Декември 2020**

**ГРАД СКОПЈЕ**

Центарот на Скопје светна во полн новогодишен сјај. Традиционално и оваа зима, иако во вонредни околности, на градскиот плоштад се постави новогодишното осветлување, заклучно со вклучувањето на големата новогодишна елка во самиот центар.

Оваа година, дури и повеќе од преостанатите е убаво да се потсетиме дека Новата година симболизира испраќање на старата и дочекување на нови почетоци со нови позитивни желби. А оваа прекрасна празнична атмосфера, која секоја година е извор на неизмерно уживање и радост за најмладите, би требало да не потсети токму на тоа.

*Скопје, една поинаква приказна.*